# CHILDREN'S COMPREHENSION OF THE CONCEPT OF *BORDERS*

**Marija Emilija Kukubajska**
University Goce Delchev, Shtip, Republic of Macedonia, maria_kubaiska@yahoo.com

**Abstract**: Children's capacity for learning, comprehension, inquisitiveness and research have expanded exponentially with the digital revolution. Students` diversified response to style and substance of reality, literature and education, demonstrates variable understanding of change and mobility in the meaning of the *border* concept. The expandable notion of borders into their diversified cultural context is the research topic of this survey in which students render their reaction to the paradox: borderless borders or recurrent new boundaries in knowledge. Audio-visual and textual slide show (20 min.) is presented to students as illustration for *borders* based on literary ideas and life samples.
The research integrated: Multimedia slide show; Two literary reviews on the literary meaning of borders, written by most popular Macedonian author of children's novels and stories, Gorjan Petrevski and by university professor of children literature, Prof. Jovanka Denkova, PhD (University Goce Delchev Stip); Interactive discussion developed by teachers from four schools - High school Gimnazija Slavcho Stojmenski Stip, Sonia Shiyakov, prof. of Macedonian language and world literature, middle schools Dimitar Vlahov and Vanco Prke, Stip, Zhaklina Georgieva, prof. of ethics in religions, and elementary school Krste Misirkov, Kochani Orizari village, Stanka Mitreva, prof. of elementary education; and Workshop conducted and developed by guest lecturer Prof. Marija Emilija Kukubajska, PhD, writer, educator. Workshop aimed to stimulate cognitive, analytical and creative thinking, and to inspire and engage students` views on the cultural concept of borders. Research supported the predicted results: children are non-biased, intellectually honest transmitters of concepts and thus instinctively display their cultural dispositions and self-awareness about higher needs for borders. Younger children's cultural convictions and practices reflected stronger inclination for borders as safety-based traditional value systems and familial protectiveness in an environment of uncontested love and care. High school teenagers exhibited early signs of radicalized and often confused interpretation of borders as obstacles, which suggested possible education impact or internet programming. After the workshop, children's comprehension of the *border* concept was expressed in creative writting assignments. Students` responses proved consistent with their age, level of information, intellectual competences, faith-based views and broader cultural standards. These factors appeared essential in the process of viewing, accepting or rejecting the meaning of *borders* and they justify the children's experiential and instinctive choice for safe and protected wellness, healthy learning and cooping within the world of *limitless limits*, in the age of crisis between fake and real concepts. To dismiss their differences in interpreting borders would be to one-sidedly defend rigidity or chaos feared by children, in their assumption of *borderless-ness*, since the *absence of borders* for the younger students implied endangered freedom in their environment secured by rules about what is acceptable and good, and what is not. Students' statements identified concrete and abstract examples of *borders*, showing preference for the role of borders as parameters of personal and public responsibilities and duties, valuing them as essential in the protective and prosperous understanding of peace, liberty and the unlimited expectation for happiness.
**Keywords**: border, order, value systems, limitless

# ДЕТСКОТО ПОИМАЊЕ ЗА КОНЦЕПТОТ *ГРАНИЦИ*

**Марија Емилија Кукубајска**
Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Република Македонија, maria_kubaiska@yahoo.com

**Апстракт:** Капацитетот на децата за учење, разбирање, љубопитност и истражување, видливо е проширен со дигиталната револуција. Диверзитетот на ставови кај студентите во однос на стил, содржини во реалноста, литературата и образованието, укажува на варијабилно разбирање за промените и мобилноста во значењето и на концептот *граница*. Растегливиот поим за граници во нивниот повеќезначен културен контекст, е темата на ова истражување и анкета во која ученици изнесуваат свои реакции на парадоксот: безгранични граници или повторливи нови граници во образованието. Аудио-визуелно слајд шоу (20 мин.) им се презентира на учениците како илустрација за *граници* од книжевни идеи и примери од животот. Истражувањето опфати: мултимедијално слајд шоу; две книжевни рецензии за граници, објавени од

најпопуларниот македонски автор на детски романи и раскази, Горјан Петревски и од универзитетскиот професор по детска литература, проф. д-р Јованка Денкова (Универзитет Гоце Делчев - Штип); интерактивни дискусии меѓу ученици и наставници од четири училишта – гимназија Славчо Стојменски, Штип, проф. по македонски јазик и книжевност, Соња Шијаков, осмогодишни училишта Димитар Влахов и Вачно Прќе, Штип, проф. по етика во религиите, Жаклина Ѓоргиева, и основно училиште Крсте Мисирков, Кочани, с. Оризари, Станка Митрева, проф. по одделенска настава и работилница спроведена од предавач-гостин, проф. д-р Марија Емилија Кукубајска, писател, едукатor, автор на работилницата. Работилницата имаше цел да го стимулира когнитивното, аналитичкото и креативното мислење кај учениците и да ги инспирира и вклучи нивните ставови за културолошкиот концепт *граници*. Истражувањето ги обезбеди претпоставените резултати дека децата сеуште се непристрасни, интелектуално чесни трансмитери на концепти кои инстинктивно ги покажуваат своите културолошки предиспозиции и самосвест за поголема потреба од граници. Културолошките разбирања и практики кај помалите деца одразуваат поголема склоност кон границите како дел од нивните вредносни системи за безбедност и фамилијарна заштита во средина исполнета со неоспорена љубов и грижа. Средношколската возраст покажува рани знаци на радикализирани и конфузни интерпретации за концептот граници видени како препреки, што сугерира можно влијание од образовните содржини или од интернет менталното програмирањето. По комплетирање на работилницата, детското размислување за концептот *граници* се изрази во задачи по креативно пишување. Одговорите на учениците покажаа соодветност со нивната возраст, ниво на информираност, интелектуални компетенции, верски сфаќања и други пошироки културолошки стандарди. Овие фактори се чинат суштински во процесот на детските сфаќања, прифаќања или одбивања на значењето на *граници* и го оправдуваат детскиот искуствен и инстинктивен избор за својот безбеден и заштитен бенефит, здраво учење и справување со светот на *неограничени лимити*, во кризно време на лажни и реални концепти. Да не се земат предвид овие разлики во интерпретирање на граници, би било еднострана одбрана на ригидноста или хаосот од кои децата на таа возраст стравуваат спрема претпоставката за *неограничување,* бидејќи *отсуството на граници* за помалите ученици значи загрозена слобода во средината обезбедувана со правила за она што е прифатливо и добро, а што не е. Ставовите на учениците идентификува конкретни и апстрактни примери за *граници*, претпочитувајќи ја улогата на границите како параметри за лична и јавна одговорност и должност, вреднувајќи ги како клучни во заштитните и просперитетни сфаќања за мирот, слободите и неограничените очекувања за среќа.

**Клучни зборови**: граница, систем на вредности, ред, неограничен

**ВОВЕД**

Границите се постојано менлива категорија во природата, во човековата заедница, а со тоа неминовно и во практичниот и мисловен свет на детето. Возрасната граница во образованието на децата и младината ја одредува содржината на спознанијата за менливоста на поимот и поимањето на граници. Истражувањето меѓу ученици од 10 – 17 години, покажува диверзитет во интелигенцијата и имагинацијата при нивната апликација во анализирање на културолошкото поимање на граници.

**ЦЕЛ**

Со експанзија на дигиталната информација, етичкото поимање на *граници* и одразот и примената на размислувањето за граници во културата и општеството се проширува и кај младите консументи. На училишен час се дебатираат ставови по прашањата: Дали на оваа возраст сфаќањата за граници во образованието, науката, уметностите, културите и религиите имаат повеќе заеднички константи одошто ненадминливи разлики; дали границите се заштита на слободите и правата или нивна закана; дали во рамки на границите се ограничува или се развива стабилност, хармонија, мир и слобода во системот на вредности; што обезбедува традиционалната римска мудрост modicus in omnia – ограничување како самодисциплина или рестрикција на слободите.

**МЕТОД**

Наставникот ја претставува темата за презентација: аудио/визуелен слајд на детска книга на тема граници. Авторот на книгата ја дебатира темата со учениците. Се прошируваат прашањата и одговорите помеѓу учениците, наставникот, авторот. Учениците ги сведуваат своите рефлексии на темата во сопствена провербијална реченица. Се мапираат мислења на учениците за *граници.*

**РЕЗУЛТАТИ**

Разликите се експонент на воспитанието и образованието, а заедничките деноминатори се индивидуалната информираност, карактерните предиспозиции и културолошкиот инстинкт на учениците да тежнеат кон стабилност среде неограничени лимити и предизвиците. Евалуирани се дискусиите на учениците за теми во и надвор од книгата „Граници има во се": најнови технолошки достигнувања, вештачка интелигенција, Тесла, клонирање, генетски инжењеринг, истражувања на универзумот, феноменот на ЦЕРН Хадрон Колајдер. Препознаени се разлики во културолошките познавања и примена на убедувањата за граници. Учениците од 4 – 6 одделение, демонстрираат повисока потреба од улогата на традицијата и семејството како заштитни граници за стабилност и слобода. Учениците од III клас гимназија одразуваат зголемени способности за метафизичко размислување и посложена емотивна интелигенција која резултира од био-хемиски и емпириски промени во нивниот раст и развој. Содржините на спознанија за граници кај учениците се одраз на ентузијазмот кај наставниот кадар, и свеста за потребата од динамична инволвираност како актери за заштита од девалвирачки и конфузни влијанија од социјалните мрежи кои можат да вршат дисторзија на идеи, иницијативи и индвидуални капацитети на децата и младината.

**ЗАКЛУЧОК**

Истражувањето укажува на постоење на солидни капацитети и кај наставниот кадар и кај учениците, и затоа сугерира потреба од уште подинамична понуда на содржини од страна на актерите во образованието, како превенција од потенцијална пауперизација на когнитивното ниво.

**Раководните тимови** во споделување на визиите за парадоксот граници/безгранични промени, вклучуваат 1. рецензенти на книгата „Граници има во се" и 2. наставници вклучени во презентација/анализа на темата.

**Горјан Петревски, писател**, **рецензент** „*Разјаснување ... со појаснување на апстрактни поими и поимања*"



Книгата „Граници има во сѐ" ни понудува необични есеи за деца, нешто што не е практика во нашата литература наменета за најмладата читателска популација. Рационална во искажувањата, но умешна во разјаснувањата, ќе успее да ги разграничи поимите кои се (не)разбирливи за детето, но постојано врзани за животот. А на овој начин пристигнува и нивното толкување пред кое малиот човек ќе се подзамисли, но притоа и ќе му се отворат вратите кон нови сознанија и спознанија, кон загатливост и одгатливост, за да се убеди дека умее да размислува, а со тоа да биде и во „рамноправност" со оние што се повозрасни од него. Книгата се доживува како *прирачник за животот,* како неизбежно соочување со она што е постојано околу нас и пред нас.

**Проф. д-р Јованка Денкова**, **рецензент,** Филолошки факултет, УГД, Штип



Во „Граници има во сѐ" не се мисли само на ограничувањата кои ни се наметнуваат од мали нозе, како во врска со правилната (здрава и умерена) исхрана, правилната хигиена, однесувањето во околината, почитта кон секое живо суштество, туку се укажува и на ограниченоста меѓу луѓето, нивната затвореност кон љубопитноста на другите. Во оваа збирка „мисли за животот" преку јазикот на детето, авторот укажува и дека нема граници единствено за едно нешто на овој свет – љубовта. Единствено таа е извор на сите добрини.

**Станка Митрева**, професор, одд. настава, со својот клас, 4 одд. ОУ Крсте Мисирков, с. Оризари, Кочани



**Андреј Николов:** Човекот има граници колку ќе живее на земјата.
**Антонио Иванов:** Ако му веруваш без граници, другарот може да го растури другарството.
**Давид Анѓелов:** Од добрите луѓе учи, а за лошите луѓе изгради ѕид.
**Ема Тодоровска:** И парите имаат граници, 50 денари не се 1.000 денари.
**Јована Новакова:** Јазикот е граница меѓу различни народи. Стоп, не бриши ги границите!
**Жаклина Ѓоргиева**, професор, етика во религиите, деветгодишни училишта во Штип, со своите ученици





Ученици од 6 одд. ПОУ Ванчо Прке, Ново Село, Штип
**Бурчин Селман**: Постојат граници во џамијата, не може да влезе тој што нема абдест.
**Синем Асанова:** Не смееме да газиме по куранот или да го скинеме, и тоа е граница.
**Никица Трендова:** Праватата и должностите без кои сепак не се може, значат граници за доброто на луѓето.
Ученици од 6 одд. ООУ Димитар Влахов, Штип:
**Маја Стојанова:** Оној кој почитува граници е среќен, оној кој ги прекршува и претерува преку границите, не знае за доста, алчен е, тмурен, и лош.
**Ива Гицева**: Границите се создадени поради лошите кои не знаат што е граница на толеранција и нормала. Вистината има лице и опачина, искреноста го покажува лицето а лагата – опачината.
**Ана Штерјова**: Границата е како црвена линија која секој мора да ја има.
**Стерја Наумов**: Само добрите и паметните луѓе кои ги знаат добродетелите, знаат кога е потребно да застанат, да не ги минат сите граници.
**Ева Гегова**: Постојат граници во конфликтите, а со нив секогаш се соочуваме.
**Ана Иветиќ**: Ако ставиме граница на нешто, не значи да не правиме тоа што не го сакаме.
**Матија Малинова**: Граници може да има и во космосот, но граници нема само во љубовта на нашите родители; граници не треба да има во верата и љубовта.
**Давид Зашев**: Постојат граници во се. И сонцето ќе згасне. Секоја љубов не трае вечно, но треба да ја цениме кога е со нас.
**Доротеа Трајанов**: Граници има кај секого и во се, во љубовта, довербата и во животот. Животот е една голема граница.
**Соња, Шијаков**, професор, македонски јазик и книжевност, гимназија Славчо Стојменски, Штип



**Мартин Трајков,** III-2. Разликата помеѓу глупавоста и генијалноста е во тоа што генијалноста има граници.
**Моника Митевска,** III-2. Ако секогаш се обидуваш да бидеш во рамки на поставените граници, никогаш нема да знаеш каков ќе си надвор од тие граници!
**Ана Каранфилова,** III-2**.** Клишеа, стереотипи - најсмешни од сите граници, но сепак не´ водат како што убавата песна на морските сирени ги води слепите морнари.
**Соња Пилатова,** III-1. Доколку не би постоеле границите, светот би бил место каде луѓето лутаат не знаејќи каде одат.
**Ана Манева,** III-2. Човештвото има граници во се´, освен во своето самоуништување.
**Ангела Радева,** III-4**.** Границите не се создадени за да ја ограничуваат нашата слобода, но создадени се да го одржуваат човештвото. Доколку Адолф Хитлер ги надминел своите граници, ги достигнел своите поставени цели, дали ти сега ќе постоеше?

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Braun, Matthias; Schickl, Hannah; Davrock, Peter, eds. Between Moral Hazard and Legal Uncertainty: Ethical, Legal and Societal Challenges of Human Genome Editing. Friedrich-Alexander-University, Erlangen, Germany. Springer, 2018
[2] Graham, Jesse; Haidt, Jonathan; Nosek, Brian A., Liberals and Conservatives Rely on Different Sets of Moral Foundations, University of Virginia. Journal of Personality and Social Psychology, 2009, Vol. 96, No. 5, 1029 –1046 © 2009 American Psychological Association 0022-3514/09/$12.00 DOI: 10.1037/a0015141. 2009.
[3] Kolossov, Vladimir, "Border Studies: Changing Perspectives and Theoretical Approaches." Geopolitics 10 (2005): 606–632. 2005.
[4] Mannheim, K., Ideology and Utopia, 69 New York: Harvest, Brace and Co.. 1936.
[5] Root, Jerry, C. S. Lewis and a Problem of Evil: An Investigation of a Pervasive Theme. Princeton Theological Monograph Series 96. Pickwick Publ., 2009.
[6] https://youtu.be/AbCbhJ6pnxk - Science and technology – CERN pros and cons
[7] https://youtu.be/GzdY3gwE0WQ - AI – Different interpretations of science
[8] https://youtu.be/zmiwAg1EloU - Faith-based interpretations: transhumanism, Tesla, SpaseX, Stephen Hawking